# Службен гласник на Општина Делчево

# Број 10

# 25.04.2025 година

**Уредува**

**Излегува по потреба**

**Одделение за правни и општи работи**

април, 2025

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 25.04. 2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од 46. Седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во „Сл.гласник на Општина Делчево“, актите донесени на 46. Седница одржана на **22.04**. **2025** година:

1. **Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат –објект станбена куќа згр.1 по барање на Нада Мицевска;**
2. **Одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка планска документација згр бр 2- објект со намена А5-4- помошен објект по барање на Ванчо Костадинов;**
3. **Одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка планска документација згр. бр 1- објект со намена А1-станбена куќа по барање на Миле Стоименовски ;**
4. **Одлука за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечка планска документација згр. бр 2- објект со намена Б5-1, црква по барање на МПЦ;**
5. **Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Источно плански регион за 2024 г.**
6. **Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно планскиот регион 2021-2026 за 2024 година**
7. **Одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Берово за вршење инспекциски надзор во областа на комуналната дејност.**
8. **Одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Берово за вршење инспекциски надзор во областа на туризмот и угостителството.**
9. **Одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Штип за вршење инспекциски надзор во областа домување.**
10. **Заклучок за усвојување на Извештајот за работа на ОСБСП Делчево за 2024 г.**
11. **Заклучок за усвојувањена Годишната програма за работа на ОСБСП Делчево за 2025 г.**
12. **Одлука за усвојување на Интегралниот локален план за развој на Општина Делчево**
13. **Одлука за доделување еднократна парична награда на талентирани ученици од СОУ „М.М.Брицо“.**
14. **Програма за поставување урбана опрема на територијата на град Делчево**
15. **Програма за ревитализација по елиминирањето на кризата за Општина Делчево**

16. **Решение за именување претставник на Локалната самоуправа Делчево во Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево**;
17. **Решение за именување претставник на Локалната самоуправа Делчево во Училишниот одбор на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево**
18. **Заклучок за недонесување на Решение за разрешување и именување член на УО на ЈУДГ„Весели цветови“ Делчево по предлог на Министерството за социјална политика, демографија и млади.**
19. **Одлука за финансиска поддршка бр. 21-772/1 од 25.03.2025**
20. **Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“ Делчево за 2025 г.**
21. **Заклучок за усвојување на Деветмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“ за периодот од 01.01.2024 до 30.09.2024 г.**
22. **Заклучок за давање согласност на Годишната сметка на ЈКП „Брегалница“ Делчево за 2024 г.**
23. **Одлука за констатирање природна непогода-голомразица на територијата на Општина Делчево**

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08-1045/1**
**25.04. 2025 год.**
**Делчево**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник,**
**Горан Трајковски**

1. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ број 56/11, 162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ“ 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14, 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево на својата 46 Редовна седница, одржана на ден 22. 04. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување на потребата од донесување Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект станбена куќа згр. бр. 1** –по барање на **Нада Мицевска**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**456** од **31.12.2018** година, од страна на **Нада Мицевска – ул. „Евлија Челеблија“ бр.30, Кочани** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр.1964 КО Очипала** запишана во имотен лист бр. **214 и КП бр.1965 КО Очипала** запишана во имотен лист бр. **228** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

**Член 2**

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе

урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-993/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.04. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов**

2. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на РМ“ 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево на својата 46 Редовна седница, одржана на ден 22.04. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко планска документација**
**зграда бр.2 - Објект со намена А5-4 – помошен објект по барање на Ванчо Костадинов**

**Член 1**

Во врска со поднесеното Барање за утврдувањето правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**489** од **30.03.2016 г** година, од страна на **Ванчо Костадинов со адреса на ул.„Вера Јоциќ“ бр. 5**, а кое се однесува на бесправно изграден објект - **намена А5-4 – помошен објект**, означен во елаборат како **зграда бр.2** изграден на КП бр.**6732 КО Делчево** запишана во имотен лист бр**. 10834** кој бесправен објект е во опфат на Детален урбанистички план за Делчево, а во зона со намена која е различна од предвидената намена во урбанистичката документација, Трговско услужна дејност, Советот на Општина Делчево констатира дека за истиот може да се изврши усогласување на намените и да се вклопи во идна урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-994/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.04. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов**

3. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од

Правилникот за вклопување бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ“ 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ), Советот на Општина Делчево на својата 46 Редовна седница одржана на ден 22.04. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко планска документација**
**зграда бр.1 - објект со намена А1 – станбена куќа по барање на Миле Стоименовски**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**1121** од **25.08.2011 г** година, од страна на **Миле Стоименовски со адреса на ул.„Индустриска“ бр. Бб.** , а кое се однесува на бесправно изграден објект - **намена А1 – станбена куќа**, означен во елаборат како **зграда бр.1** изграден на КП бр.**6043/7 КО Делчево** запишана во имотен лист бр**. 10868** кој бесправен објект е во опфат на Генерален урбанистички план за Делчево, а во зона со намена која е различна од предвидената намена во урбанистичката документација, Г- ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ, Советот на Општина Делчево констатира дека за истиот може да се изврши усогласување на намените и да се вклопи во идна урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-995/1** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.04. 2025 година** | **Претседател,**
**Делчево** | **Гоце Попов**

**4.** Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на РМ“ 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ), Советот на Општина Делчево на својата 46 Редовна седница, одржана на ден 22.04. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за вклопување бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко планска документација**
**зграда бр.2 - објект со намена В5 -1 црква по барање на МПЦ**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**518** од **30.03.2016 г** година, од страна на **МПЦ**, а кое се однесува на

бесправно изграден објект - намена В5-1 црква, означен во елаборат како **зграда бр.2** изграден на КП бр.**7052/1 КО Делчево** запишана во имотен лист бр**. 11348** кој бесправен објект е во опфат на Детален урбанистички план Милково Брдо 2 за Делчево, а во зона со намена која е различна од предвидената намена во урбанистичката документација, со намена образование В1, Советот на Општина Делчево констатира дека за истиот може да се изврши усогласување на намените и да се вклопи во идна урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-996/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.04. 2025 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов**

5. Врз основа на член 65 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл. весник на РСМ“ бр.24/2021, 174/2021 и 241/2024) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.05/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/20, 202/24), Советот на Општина Делчево, на својата 46. Седница, одржана на ден 22. 04. 2025, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2024 година со Годишен извештај за финансиско работење за 2024 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2024 година со Годишниот извештај за финансиското работење за 2024 година кој е составен дел на Годишниот извештај за работењето.
2. Заклучокот да се достави до Центарот за равој на Источен плански регион со седиште во Штип.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 – 997/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.04. 2025 година** — **Претседател**
**Делчево** — **Гоце Попов**

6. Врз основа на член 65 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл. весник на РСМ“ бр.24/2021, 174/2021 и 241/2024) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 84/20, 202/24), Советот на Општина Делчево, на својата 46. Седница, одржана

на ден 22.04.2025 донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 за 2024 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Источен - плански регион 2021-2026 за 2024 година.
2. Заклучокот да се достави до Центарот за равој на Источен плански регион со седиште во Штип.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Бр. 09 - 998/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.04. 2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

7. Врз основа на член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002) и член 6 став 1 и став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл. весник на РМ" бр. 79/2009), член 22 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/21), Советот на Општина Делчево, на својата 46. Редовна седница, одржана на ден 22.04.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување Предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово**

**Член 1**

Советот на Општина Делчево го утврдува Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка поднесено од Градоначалникот на Општина Делчево бр. 09-877/1 од 04. 04. 2025 година, за вршење работи и работни задачи во надлежност на Општината, Одделение за инспекциски надзор- Инспекторат, овластен комунален инспектор помеѓу Општина Делчево и Општина Берово.

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука да се достави до Општина Берово заради донесување одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Бр. 09 - 999/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.04. 2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

8. Врз основа на член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 6 став 1 и став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ“ бр. 79/2009), член 22 став 1 точка 46 од Статутот на општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/21), Советот на Општина Делчево, на својата 46. Седница, одржана на ден 22. 04. 2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово**

**Член 1**

Советот на Општина Делчево го утврдува Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка поднесено од Градоначалникот на Општина Делчево бр. 09-878/1 од 04. 04. 2025 година, за вршење работи и работни задачи во надлежност на Општината, Одделение за инспекциски надзор- Инспекторат, овластен инспектор за туристичка и угостителска дејност помеѓу Општина Делчево и Општина Берово.

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука да се достави до Општина Берово заради донесување одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 -1000/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.04. 2025 година** — **Претседател**
**Делчево** — **Гоце Попов**

9. Врз основа на член 14 и член 36 став1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 6 став 1 и став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл. весник на РМ“ бр. 79/2009), член 22 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Делчево („Сл. гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/21), Советот на Општина Делчево, на својата 46. Редовна седница, одржана на ден 22. 04. 2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување Предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Штип**

**Член 1**

Советот на Општина Делчево го утврдува Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка поднесено од Градоначалникот на Општина Делчево бр. 09-876/1 од 04. 04. 2025 година, за вршење работи и работни задачи во надлежност на Општината, Одделение за инспекциски надзор- Инспекторат, овластен инспектор за домување помеѓу Општина Делчево и Општина Штип.

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука да се достави до Општина Штип заради донесување одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 -1001/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22. 04. 2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

10. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Делчево („Сл.весник на РМ“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), а во врска со член 371 и 374 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата („Сл.весник на РМ“ 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Сл.весник на РСМ“ 98/19, 302/20 и 122/21), Советот на Општина Делчево, на својата 46 Редовна седница, одржана на ден 22.04.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување Годишен извештај за реализирани активности од Годишната програма за работата на Општинскиот совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата - Делчево за 2024**

1. Се усвојува Годишниот извештај за реализирани активности од Годишната програма за работата на Општинскиот совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата - Делчево за 2024 година.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 – 1002/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.04. 2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

11. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Делчево („Сл.весник на РМ“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), а во врска со член 371 и 374 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата („Сл.весник на РМ“ 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Сл.весник на РСМ“ 98/19, 302/20 и 122/21), Советот на Општина Делчево, на својата 46 Редовна седница, одржана на ден 22.04.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната програма за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата - Делчево за 2025**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата - Делчево за 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен

гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 – 1003/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.04. 2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

12. Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Делчево, на својата 46 Седница одржана на ден 22.04.2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Интегрираниот локален развоен план на Општина Делчево**

**Член 1**
Се усвојува Интегрираниот локален развоен план на Општина Делчево.

**Член 2**
Интегрираниот локален развоен план е подготвен од Општина Делчево во рамки на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплментација на проекти“ кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој.

**Член 3**
Овој проект е дел од Програмската рамка на УНДП, финансирана од Шведска.

**Член 4**
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево“

**Бр. 09-1004/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.04.2025** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов**

13. Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.15/13 2/2019, 1/2021)), Советот на Општина Делчево на својата 46 Седница одржана на ден 22.04.2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за доделување парична награда**

**Член 1**
Советот на Општина Делчево доделува парична награда на Вања Ѓеоргиевска и Искра Георгиевска за постигнат особено висок успех во учењето. Паричната награда изнесува 18.000 денари за секој ученик.

**Член 2**
Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево за 2025

година.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа Одлука.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09-1005/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.04.2025** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов**

14. Врз основа на член 80 од Законот за градење („Сл. весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12/ 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16) член 36 од Законот за локална самоуправа и „Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 21 од Статутот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на 46 Седница одржана на ден 22.04.2025 година донесе

# Програма
# за поставување урбана опрема на територијата на град Делчево

## 1.**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со оваа Програма се утврдува потребата и се уредуваат стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на градот Делчево и постапката за давање согласност за поставување на урбаната опрема.

**Член2**

Одредбите на оваа Програма не се однесуваат на предвидените градежни парцели согласно Детален урбанистички план (ДУП) каде организација и користење на просторот се врши согласно планската и проектната документација (пазар, училишта, автобуска станица, трговски центри, индустриски објекти, станбени и други јавни објекти).

**Член 3**

Според член 2 точка 4 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13,27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16,71/16, 132/16, 35/18, 64/18,168/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20, 279/20 и 96/21) , урбаната опрема се поставува на градежно изградено земјиште.

Под урбана опрема, во смисла на Законот за градење, се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед,

телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско – конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, опрема за спортско рекреативни активности, јавни санитарни јазли, паркинзи во функција наобјекти на органите на државната управа и објектите на општината, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

**Член 4**

Изрази употребени во програмата и нивно значење:

-Јавни пешачки површини се површини на плоштади, тротоари, пешачки патеки и други јавни површини наменети за пешачко движење во рамките на подрачјето на Општина Делчево, утврдени со Генералниот и Деталните урбанистички планови.

-Активна пешачка зона е дел од јавна пешачка површина наменета исклучиво запешачко движење.

-Пасивна пешачка зона е дел од јавна пешачка површина која освен за пешачкодвижење може да се користи и за поставување на урбана опрема.

**Член 5**

Урбаната опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изграденои уредено земјиште без притоа да се наруши основаната намена на просторот и безбедноста насообраќајот.

Урбаната опрема не е дел од градежното земјиште и врз основа на ова не се стекнуваатстварни права врз градежното земјиште.

Со одобрението за поставување на урбана опрема се утврдуваат условите, начинот ирокот за поставување и отстранување на урбаната опрема.

Урбаната опрема ќе се постави со предлог решение одредено според програмата, а восогласност со Деталниот урбанистички план на постојниот локалитет.

- Активна –слободна, пешачка. проодна површина е дел од јавна пешачка површина наменета исклучиво за пешачко движење и изнесува минимум 150 см.

## 2.**ОСНОВНИ УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА**

**Член 6**

Урбаната опрема, со својот изглед и форма не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија,недозволена бучава и лоша миризба.

**Член 7**

Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење и треба да се обезбеди непречен пристап до истата односно да се обезбедат мин 150 см слободна проодна површина за движење на пешаците.

**Член 8**

На јавните пешачки површини не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедносното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп. Околу поставената урбана опрема не смеат да се преземаат градежни активности, ниту да се поставуваат платформи, рампи или слично.

**Член 9**

Со поставување урбана опрема не смее да се нарушува изгледот на околниот простор, да се попречува користење на јавните пешачки површини или да се оневозможи пристап до соседните згради.

**Член 10**

Урбана опрема може да се постави во пасивната пешачка зона од јавни пешачки површини кои се со минимална ширина од 1,50 м ширина за поставување на корпи за отпад или жардињери.

**Член 11**

Широчината на слободна проодна површина се мери од ивицата на коловозот
.

**Член 12**

Поставување урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, така да на раскрсници може да се постави урбана опрема на минимум 10 м од пресечната точка на двете регулациони линии. Исто така, не е дозволено поставување на урбана опрема во триаголникот на прегледност при свртување кај сообраќајници.

**Член 13**

Во коридорот на Слободна проодна површина, минималната слободна височина при поставување на рекламни понао, информативни табли, настрешници и тенди да изнесува минимум 3,20 м, а чадори за сонце минимум 2,50 м.

**Член 14**

Времетраењето на користењето на јавната пешачка површина може да биде: дневно, месечно, сезонско за неколку месеци, но најмногу за период од 1 година.

**Член 15**

Поставувањето на урбаната опрема се врши на начин што нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин без оштетување на подлогата

**Член 16**

По завршувањето на рокот за користење на урбаната опрема, корисникот е должен да ја врати површината во првобитна состојба.

3. **ПОДЕТАЛНИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА**

**Член 17**

Покрај основните услови од точка 2 на оваа Програма се утврдуваат и подетални стандарди за одделни елементи за урбана опрема и тоа:

**1. Самостоечки рекламни паноа и Информативни табли**

-Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки зони и зелените површини во профилот на сообраќајницата, , а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата

-Информативните табли служат за огласување, рекламирање и имформирање на граѓаните, а можат да бидат за јавна намена или за комерцијална намена;

-Поставувањето на информативните табли не треба да го попречува нормалното одвивање на пешачкиот и колскиот сообраќај;

- информативните табли може да се поставуваат на следниот начин:

а) прицврстени табли на објекти за огласување на културно уметнички, спортски и други манифестации;

б) слободно стоечки, преносливи и други табли-паноа од рекламен карактер и друга содржина;

-Огласите и другите текстуални објави може да се истакнуваат и на рекламни витрини, рекламни столбови и сл.

Рекламните паноа може да бидат прицврстени на објекти, метални столбови со светилки (постоечки или новопоставени) и други објекти на кои може да бидат поставени рекламни паноа и информативни табли. Рекламните паноа и информативни табли да бидат: монтажно демонтажни, да не бидат прицврстени директно на столбовите со шрафење или варење, да бидат поставени на минимум 4,5 м над на ниво од коловозот или тротоар и да бидат со димензија максимум 0,9 м x 0,9 м. На еден столб може да имам најмногу 4 паноа или табли.

Поставувањето на таблите може да се изврши на секаде каде е можно.

Рекламните паноа да не бидат поголеми од 2 м2

- Во случај кога информативните табли и рекламните паноа се поголеми 2-6 м2 и сложени ќе бидат изработени дополнителни графички прикази и ќе бидат доставени на совет за одобрување

- Потребна документација :

- Барање
- Извод од Програма
- Ревидиран основен проект (содржина и фази во зависност од комплексноста на рекламното пано или информативната табла)
- И други документи дефинирани во Барањето.

**2.Клупи, фонтани и корпи за отпадоци**

-Клупите, корпи за отпадоци, фонтаните и чешмите се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуска станица, во паркови и на други локации согласно потребите на општината и по баранје на граганите онаму каде има можност.

-Покрај клупитекаде е можно , потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии 1,00 м х1,20 м за луѓето со хендикеп;

-Корпи за отпадоци можат да се постават како слободно стоечки или прикачени на фасади на објекти или на столбови за светилки.

- **Опфатот на поставување е согласно ГУП и ДУП Општина Делчево.**

- Потребна документација :
- Барање
- Извод од Програма
- Основен проект (со потребни фази и ревизија согласно сложеноста) - - Ситуација со обележана локација на урбаната опрема со размер и прилог од моделот на опремата.
- И други документи дефинирани во Барањето.
    - Клупи и канти за отпадоци се поставуваа на локации претходно лоцирани од надлежените служби на општина Делчево во координаација со ЈКП Брегалница Делчево.
    - Извод од Програма
    - Ситуација сообележена локација на урбаната опрема во размер

- Во случај кога фонтаните се поголеми и сложени ќе бидат изработени дополнителни графички прикази и ќе бидат доставени на совет за одобрување

**3.Бини (платформи)**

-Бини (платформи) се поставуваат за време на одржување на спортски, културно уметнички манифестации, туристички, политички и сл.

-Поставувањето и отстранувањето на истите треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата за временски период од 1 до 15 дена.

-Бините се поставуваат на плоштади и на површини кои можат да примат поголема група на граѓани.

- **Опфатот на поставување е согласно ГУП и ДУП на Општина Делчево.**

- Потребна документација :
- Барање
- Извод од Програма
- Основен проект ( содржина и фази во зависност од комплексноста на бината- платформата,(опремата) со атест или ревизија )
- И други документи дефинирани во Барањето.

- Во случај кога бините (платформите) се поголеми и сложени ќе бидат изработени дополнителни графички прикази и ќе бидат доставени на совет за одобрување

**4. Опрема за забава на деца и детски игралишта**

Опрема за забава за деца се поставува по повод државни и верски празници на места каде има доволен простор за тоа, во близина на паркинг простор, а јавната површина се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

**- Опфатот на поставување е согласно ГУП и ДУП Општина Делчево**

- Потребна документација :

- Барање
- Извод од Програма
- Ревидиран основен проект (содржина и фази во зависност од комплексноста на опремата и инсталациите)
- И други документи дефинирани во Барањето.

- Во случај, кога опремата за забава на деца и детски игралишта се поголеми и сложени ќе бидат изработени дополнителни графички прикази и ќе бидат доставени на совет за одобрување

**5.Опрема за спортско рекреативни активности**

Опремата за спорт и реквизити за детските игралишта се поставуваат на градежно изградено земјиште за јавна намена (парковско, заштитно зеленило и зеленило за спорт и рекреација).

- **Опфатот на поставување е согласно ГУП и ДУП Општина Делчево**

- Потребна документација :

- Барање
- Извод од Програма
- Ситуација со обележана локација на урбаната опрема со размер.
- Основен проект ( содржина и фази во зависност од комплексноста на опремата и инсталациите)
- И други документи дефинирани во Барањето.

**6. Монтажно - демонтажни типски објекти, тезги и елементи за изложување производи**

Монтажно – демонтажни типски објекти од лесна конструкција (без прицврстување на земја) од лезна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, брза храна, вода и безалкохолни пијалоци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи.

Монтажно – демонтажните типски објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно – промотивни или деловно – информативни и други активности по повод празници и манифестации како придружни објекти во функција на настаните.

- **Обликувани услови**

  Монтажните објекти со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на урбана опрема. На монтажните објекти може да се постави рекламен натпис со големина не поголема од челото на објектот без можност за истакнување на други рекламни пораки. Рекламниот натпис да не го надминува горниот раб на монажмиот објект повеќе од 50 цм.

Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации.

Не е дозволено лоцирање на тезгите пред влезови на јавни, деловни и станбени објекти.

Максималната површина на тезгата изнесува 2,0 до 4,0 м2.

- Документ за регистрација на дејност од Централен регистар
- Потврда дека не е отворена постапка за стечај или ликвидација
- Извод од Програма
- Ситуација со обележана локација на урбаната опрема во размер
- Лична карта

**7. Тераси, шанкови и настрешници**

Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина,но не и на површина утврдена со урбанистички план за јавно зеленило, при што неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 142/15, 217/15, 222,15, 228/15 и 35/16), особено по однос на минималните димензии на пешачки површини-тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот односно пристап на возила за јавни служби. За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи истите може да се покриени со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавната површина. На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардињери, ограда, чадори, настрешници или тенди. Сите елементи на опремата што се поставува на летната тераса (маси, столици, чадори, постаменти за чадори, жардињери, ограда и др.) не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина. Поставувањето на урбана опрема од типот на тераси, шанкови и настрешници, задолжително е изготвување на елаборат со кој се утврдува просторот, видот и изгледот на опремата како и бојата, димензиите и др. Јавна површина може да се користи за летна тераса (вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.

Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5 м. Чадорите се со минимална слободна височина од 2,4 м. Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат да ја надминат линијата на одобрениот простор, можат да ја накриват само одобрената површина и не смеат да бидат прицврстени на подлогата. Тенди се типски-монтажни елементи со роло механизам конзолно поставени на чело на објектот и се поставуват доколку на јавната површина има простор за еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи на јавната површина. При поставување на тенди над зона во која се организираат летни тераси минималната слободна височина изнесува 3,2 м. Поставена и монтирана тенда смее да го накриви само одобрениот простор за летна тераса. Оградите и жардињерите поставени на летна тераса не смеат: да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса, да бидат фиксно прицврстени за подлогата и да имаат висина поголема од 0,8 м. Оградите и жардињерите треба да биде изведена од квалитетни материјали со високо естетско ниво. Во пешачките зони не се поставуваат огради или жардињери кон пешачката зона односно истите се поставува само помеѓу соседни летни тераси. Покриени и отворени шанкови се поставуваат на плоштади-сквер, во парк, покрај водни и рекреативни површини. Покриените и отворени шанкови не смеат да се прицврстени за подлогата и мора да имаат приклучок на вода, електрична

енергија и канализација. Составен дел на локацијата на покриени и отворени шанкови може да биде и летна тераса.

## 4. ПОСТАПКА И СОГЛАСНОСТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА

**Член 18**

Урбана опрема се поставува по претходно добиено одобрение за поставуање урбана опрема кое го издава Градоначалникот на Општината.

**Член 19**

Урбана опрема за комерцијална намена се поставува врз основа на изготвен и одобрен Основен проект. Основниот проект го изготвува овластен проектант по барање на корисникот кој Бара поставување на урбана опрема. За поставената урбана опрема за комерцијална намена се плаќа надомест според Законот за комунални такси.

## 5.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 20**

Општинските инспекции ќе вршат надзор над спроведување на стандардите и постапките за поставување на урбаната опрема.

**Член 21**

Не е дозволено поставување урбана опрема непосредно пред угостителски објекти кои се нелегални, бесправно изградени делумно или во целост, а барател е корисникот на угостителскиот објект.

Не е дозволено поставување на урбана опрема непосредно пред угостителски објекти кои се употребуваат спротивно на намената за која е издадено решение, одобрение за изградба, а барател е корисникот на угостителскиот објект.

**Член 22**

Постојните сопственици и корисници на урбана опрема на јавна пешачка површина и пред угостителски објекти што не ги исполнуваат стандардите утврдени со оваа Програма се должни во рок од 6 месеци по влегувањето во сила на оваа Програма, да се прилагодат кон стандардите на истата. Во спротивно општинските служби ќе преземат мерки за нивно отстранување на сметка на сопственикот на објектот.

**Член 23**

Формата на барањето за добивање одобрение за поставување урбана опрема ја определува градоначалникот на Општина Делчево.

**Член 24**

Со донесувањето на оваа Програма престанува да важи претходно донесената Програма.

**Член 25**

Измена, дополнување, проширување и промена на оваа Програма може да се изврши, како за потребите на Општина Делчево така и по иницијатива од заинтересирани правни и физички лица, согласно со законската регулатива.

**Член 26**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Член 27**

Составен дел на оваа Програма е образец за пополнување барање.

**Прилог 1**

**До**
**Општина Делчево**
**Сектор за урбанизам,**
**заштита на животна средина,**
**комунални дејности, сообраќај и ЛЕР**

**БАРАЊЕ**
**за добивање одобрение за поставување урбана опрема**

Од_______________________________________________________________

(**име и презиме на физичкото лице или назив на правното лице)**

_______________________________________________________________

(**адреса на физичкото лице или седиште на правното лице)**

1. Кон **Барањето** се приложува:

Основниот проект се изработува согласно со пропишаните услови и стандарди и ги содржи следните податоци и прилози:

1. Назив на седиште, односно име и презиме и адреса на живеење на заинтересираниот субјект;
2. Извод од соодветен регистар каде што е регистриран заинтересираниот субјект;
3. Доказ дека се исполнети минимално – техничките услови за вршење на дејноста други услови пропишани со закон;
4. Потврда од Општина Делчево дека барателот нема неподмирени обврски по основ на неплатени комунални такси;
5. Имотен лист за деловната просторија пред која ќе се врши дејноста (договор за закуп на просторија);
6. Регистрација на дејност, лиценца и овластување од одговорниот проект за правниот субјект која ја изготвува техничката документација;
7. Извод од ДУП и ГУП за предметниот локалитет;
8. Извод од Програма за урбана опрема;
9. Основен проект (по потреба ревидиран) кој треба минимум да содржи:

- Детален цртеж со опис на постојната состојба на површината на која се бара да се врши дејноста со околниот простор во размер од кој може јасно да се согледа ситуацијата (1:1000 или 1:1500)
- Детален цртеж со опис на новата ситуација на површините на која се бара да се вриши дејноста со околните објекти и елементи на комунална опрема и инфраструктура во размер 1:200 или 1:1000
- Детален цртеж со опис на површината предвидена за користење (1:100 или 1:50)
- Детали од урбаната опрема што ќе се лоцираат на површината на која се бара да се врши дејноста во размер 1:20 или 1:10

10. Доказ за платена административна такса согласно со Законот за административни такси – пречистен текст тарифен број 93 од 1500 денари.

**Барател**

---

**Број 09-1006/1**
**22.04. 2025 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов**

15. Врз основа на член 22 точка 10 и 11 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) член 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21), член 4, член 21 и 22 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19) и член 9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21), Советот на Општина Делчево на 46 Седница одржана на ден 22.04.2025 година, ја донесе следната

# Програма за ревитализација по елиминирањето на кризата за Општина Делчево

## 1.ОПШТ ДЕЛ

Општина Делчево се наоѓа на крајниот исток од РСМ. Градот го дели река Брегалница на два дела. На запад се наоѓа планината Голак, а на исток граничи со Р.Бугарија, како и со општините М. Каменица, Виница, Пехчево и Берово. Просечната надморска височина на градското подрачје е 460 метри со карактеристичен ридско-планински рељеф и Пијанечката Котлина. Климата е умерноконтинентална.
Хидрофрафијата на Општина Делчево е препознатлива по река Брагалница и нејзините притоки: Габровска река, Звегорска река; Даштица, Граштица, Желевица, Очипалска Река и Туришница, како и повеќе реонски ендеци и мали водотеци.
Флората и фауната во Општината варираат во зависност од надморската височина и атмосферските услови. Има разноврсност во животинскиот и растителниот свет. Најзастапени диви животни се зајакот, дивата свиња, срната, еленот, лисицата, волкот, рисот и други.
Растителниот свет се карактеризира со дабова, букова и борова шума, а помалку застапени се елата, багремот, јасиката и нискостеблести, жбунести растенија.
Главни производствени гранки се текстилството, земјоделието, овоштарството и сточарството.
Низ Општината поминува магистралниот пат А3, кој води до Р.Бугарија преку граничниот премин „Делчево".
Во минатото Општина Делчево ја имаат зафатено повеќе елементарни непогоди и кризни состојби од кои најчести биле поплавите, град со силен ветар, ниски температури, бројни шумски пожари и пожари на отворено и епидемии. Сите овие

појави во даден временски период значително влијаееле и влијаат на севкупниот живот и здравје, како на населението, така и на останатиот животински и растителен свет.
Од тие причини, а согласно законската регулатива на национално ниво, се јави потребата од донесување на акт(Програма), со кој ќе се регулираат и прецизираат мерките и активностите кои ќе ги превземе Општина Делчево за ревитализирање на состојбата по елиминирање на евентуалната кризна состојба на подрачјето.

## 2.МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

За санирање и ревителизација на последиците настанати од кризна состојба и нормализација на севкупниот живот на населението, општина Делчево ќе ги превземе сите со Закон пропишани мерки и активности во кои ќе бидат вклучени сите субјекти кои егзистираат на нашето подрачје.
За таа цел се обезбедува непрестана комуникација и координација помеѓу институциите и останатите правни и физички лица, а со цел согледување на последиците од кризата и нивно санирање.
Согласно Програмата се изготвуваат Оперативни планови во зависност од видот на кризната состојба која го зафатила подрачјето и се наведуваат мерките и активностите кои ќе бидат превземени:
-Активирање на ТППЕ Делчево, Просторните сили при Општина Делчево, трговски друштва, претпријатија (ЈКП „Брегалница“) за расчистувње и рехабилитација на магистралните и локални патишта во општината.
-Расчистување на евентуални рушевини на згради, куќи и други објекти и во зависност од околностите нивно ревитализирање.
-Вршење првична дезинфекција и дератизација за спречувње појава на заразни и други заболувања на населението и животните.
-Ревитализирање на објектите на институциите со цел нивно повторно нормално фунционирање.
-Санација на штетите и ревитализација на клучните производствени капацитети од корист за граѓаните (пекари, млекари, месари, маркети, болници, аптеки и сл.).
-Санирање и ревитализација на училиштата и детските градинки со цел воспоставување и нормализација на воспитно-образовниот процес.
-До процесот на целосна ревитализација на состојбите важно е ажурно и непречено да фунционираат јавните превозници (таксикомпании и друг превоз со исправни и безбедни возила).

## 3.ФИНАНСИСКА РАМКА

За спроведување на предпредвидените мерки и активности за ревитализација на состобите по завршување на кризната состојба матер握јано-финансиски средства ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Делчево,посебни донаторски сметки, а доколку ситуацијата го изискува тоа, ќе биде побарана помош од државните институции, како и евентуална меѓународна донација.

### РАСПОРЕД НА ФИНАНСКИТЕ СРЕДСТВА:

А) Противпожарна заштита и зајакнување на доброволната противпожарна организација и други активности за заштита и спасување

| | ПРИХОДИ | |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Буџет на Општина Делчево | 300.000,оо денари |
| 2 | Сопствени приходи од давање на услуги | 10.000,оо денари |
| 3 | Приходи од други извори,донации ,проекти | 100.000,оо денари |
| 4 | ВКУПНО 1-3 | 410.000,оо денари |

Б) Противпожарна заштита, доброволна противпожарна организација и спроведување на друга обука и мерка за заштита и спасување на населението и материјалните добра за побезбедна општина.

| | РАСХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Организирање и спроведување обука на просторните штабови и единици | 20.000,ооденари |
| 2 | Доброволна противпожарна организација- | 10.000,ооденари |
| 3 | Општински противпожарен сојуз-организирање на квиз натпревари | 10.000,ооденари |
| 4 | Набавка на техничка и заштитна опрема | 20.000,ооденари |
| 5 | Изработка на програмски содржини од заштитата и спасувањето кои ќе се презентираат на класните часови во училиштата | 2.000,ооденари |
| 6 | Набавка на работни униформиза ДПД | 10.000,ооденари |
| 7 | За обука договорни услуги | 10.000,ооденари |
| 8<br>9 | Помошна изработка на куќен ред во случај на пожар и план за евакуација пластифициран А-4 формат за секоја куќа посебно | 5.000,ооденари |
| 10 | Проектни активности-школа за млади пожарникари во соработка со професионални центри | 10.000,ооденари |
| 11 | Активности на Комисијата за проценка на штети од елементарни и други несреќи | 10.000,ооденари |
| 12 | Надомест на материјални трошоци за правни и физички лица –учесници во акции за гасење на пожар и други видови на загрозувања и несреќи | 20.000,ооденари |
| 13 | Безбедносна проверка на населението за безбедносна проценка од пожар | 10.000,ооденари |
| 14 | Отворени трибини за заштита и спасување со граѓаните од населените места од подрачјето на општината | 5.000.оо денари |
| 15 | Тактичко-показни вежби и активности за превенција и справување со кризни состојби и појави | 400.000,оооденари |
| 16 | ВКУПНО 1-15 | 542.000,ооденари |
| | | |

**6. Завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и Градоначалникот на Општина Делчево, како и соработникот за превенција заштита и спасување.

Свои мислења, препораки и забелешки во врска со ефикасното спроведување на Програмата активно даваат и РЦУК и ДЗС, а воедно учествуваат во меѓусебната координација на сите напред споменати субјекти.

**Број 09- 1007/1** **Совет на Општина Делчево**

**22.04. 2025** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

16. Врз основа на член 106став 2 и став 5 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ" бр. 161/2019, 229/2020) и член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 84/20, 202/24), а согласно со член 22 став 1 точка 45 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата 46 Редовна седница, одржана на ден 22. 04. 2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување претставник на основачот во Училиштниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево**

I. За претставник на основачот во Училиштниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“- Делчево, се именува Благица Петровска, вработена во Општина Делчево.

II. Мандатот на членовите на Училиштниот одбор на на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево трае 3 години.

III. Решението влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето.

**Бр. 09 - 1008/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.04. 2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

17. Врз основа на член 106 став 2 и став 5 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ" бр. 161/2019, 229/2020) и член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ бр.05/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/20, 202/24), а согласно со член 22 став 1 точка 45 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата 46 Редовна седница, одржана на ден 22. 04. 2025 година, донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за именување претставник на основачот во Училиштниот одбор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево**

I. За претставник на основачот во Училиштниот одбор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево, се именува Андријана Соколовска вработена во Општина Делчево.

II. Мандатот на членовите на Училиштниот одбор на на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево трае 3 години.

III. Решението влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето.

**Бр. 09 - 1009/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.04. 2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

18. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 84/20, 202/24), Советот на Општина Делчево на својата 46. Седница, одржана на ден 22.04.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за недонесување на Решението за разрешување и именување член на УО на ЈУДГ „Весели цветови“ Делчево по предлог на Министерството за социјална политика, демографија и млади.**

I. Советот на Општина Делчево **не го донесе** Решението за разрешување и именување член на УО на ЈУДГ „Весели цветови“ Делчево по предлог на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

II. Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 -1010/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.04. 2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

19. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и Барање бр. 21-772/1 од 25.03.2025 година, Советот на Општина Делчево на својата 46. Седница, одржана на ден 22. 04. 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за финансиска поддршка по Барање бр.21-772/1 од 25.03.2025 година**

**Член 1**

Се одобрува парична помош во износ од **20.000 денари** на Јованка Ѓеоргиева од с. Стар Истевник- Делчево, дете без родителска грижа и под надлежност на ЈУМЦСР – Делчево и ученичка во III година во ОСУ „Ацо Русковски“ Берово.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за покривање на трошоците за научно-рекреативна екскурзија надвор од државата (Италија-6 дена) за редовни ученици во III година што треба да се реализира до крајот на месецот април 2025 г.

**Член 3**

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Делчево на име Јованка Ѓеоргиева **на трансакциска сметка 240167117088386 при УНИ Банка.**

**Член 4**

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 1011/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22 .04.2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

20. Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 84/20, 202/24), а согласно со член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/202, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 35/2019, 275/2019, 89/2022, 274/2022) и член 22 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Делчево („Сл. весник на РМ“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 46. Седница на Советот, одржана на ден 22. 04. 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП„Брегалница“-Делчево за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“- Делчево за 2025 година, бр. 0102-545/1 од 30.12.2024 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 – 1012/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.04. 2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

21. Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 84/20, 202/24) и член 5 став 3 од Законот за јавни претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/202, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр.35/2019, 275/2019,

89/2022, 274/2022), Советот на Општина Делчево, на својата 46. Седница, одржана на ден 22. 04.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Деветмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2024 -30.09.2024**

1. Се усвојува Деветмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за периодот 01.01.2024 - 30.09.2024 година, број 0102-497/1 од 19.12.2024 година, усвоен од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево со Одлука број 0202-156/2 од 05.03.2025 година.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 – 1013/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.04. 2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

22. Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 84/20, 202/24)и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“бр. 15/2013, 2/2019 и 1/21), Советот на Општина Делчево на својата 46. Седница, одржана на ден 22. 04. 2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната сметка на ЈКП „Брегалница“ – Делчево за 2024 година**

1.Се усвојува Годишната сметка на ЈКП „Брегалница“ –Делчево за 2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 - 1014/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.04. 2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

23. Врз основа на член 22, став 1, точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02); член 15, став 10, член 16, член 17 и член 22, точка 41 од Статутот на Општина Делчево („Сл. гласник на Општина Делчево“ бр. 15/13, 2/19, 1/21), а во врска со член 143 од Законот за заштита и спасување („Сл. весник на РМ бр.36/04,49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 41/16, 106/16, 83/18, Советот на Општина Делчево на 46 Седница одржана на 22.04.2025 донесе

**ОДЛУКА**
**за констатирање природна непогода-голомразица на територијата на Општина Делчево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се констатира природна непогода-голомразица што ја зафати територијата на Општина Делчево во деновите од месецот април 2025 г.

**Член 2**

Со оваа Одлука се задолжува градоначалникот и стручните служби на Општина Делчево да објават јавен повик за пријавување на штетите предизвикани од природната непогода. Градоначалникот со решение да го определи составот на дополнителните комисии за проценка на штети на земјоделските површини предизвикани од природната непогода-голомразица. Комисиите за проценка на штетите, да направат увид на погодените површини, да извршат проценка на штетите на земјоделските површини предизвикани од голомразицата на територијата на Општина Делчево за што ќе се изготви елаборат за процена на штетите.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавување во „Сл.Гласник на Општина Делчево“

**Бр. 09-1015/1**
**22.04.2025**
**Делчево**

**Совет на Општина Делчево**
**Претседател**
**Гоце Попов**